МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 05-1952/3
13.05.2019 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за проектирање и услуги ХИДРО-ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО
Бр. 0307-149/3
14.05.2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. **Министерството за животна средина и просторно планирање планирање**, со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје, застапувано од страна на министерот Sadulla Duraki (во понатамошниот текст „Договорен орган") од една страна и

2. **ДПУ Хидро Енерго Инженеринг ДОО - Скопје**, со адреса на бул. Јане Сандански 76, Скопје, застапувано од страна на управителот Иванчо Ќаевски, во натамошниот текст: („Носител на набавката").

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

### Член 1

Предмет на договорот за јавна набавка е вршење на стручен технички надзор при изградба на таложник во пречистителна станица на вода за пиење во општина Липково, согласно постапката со барање за прибирање на понуди бр. 16/2019.

### Член 2

Со овој Договор, Договорниот орган и Носителот на набавката ги регулираат своите права и обврски.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Вкупната вредноста на договорот изнесува **762.700,00 (седумстотини шеесет и две илјади и седумстотини) денари.**

Вкупниот износ на ДДВ изнесува **137.286,00 денари.**

Вкупната вредност на предметот на набавката **со вклучен ДДВ** изнесува **899.986,00 (осумстотини деведесет и девет илјади деветстотини осумдесет и шест) денари.**

Корекција на цените на предметот на договорот за јавната набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни во текот на времетраењето на реализацијата на предметот на договорот.

## IV. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 4

Исплатата ќе се врши периодично, со примена на договорениот процент на износот на заверените времени ситуации на изведувачот, и тоа во рок од 30 дена од приемот на

## V. НАЧИН И РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИТЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

(1) Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата со отпочнување на работите од страна на изведувачот и ќе трае 7 (седум) календарски месеци до завршувањето на работите.

(2) Локацијата на извршувањето на услугите е во општина Липково.

**Член 6**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го извршува континуирано во текот на времетраењето на изградбата, вклучувајќи го и периодот за интерен технички прием и отстранувањето на евентуални недостатоци од страна на Изведувачот.

**Член 7**

(1) Времетраењето на договорот изнесува 7 (седум) календарски месеци од влегување во примена на договорот.

(2) Овој договор ќе отпочне со примена на правата и обврските по истиот по склучување на договор за работи од страна на Договорниот орган и друг економски оператор.

(3) Доколку се продолжи времетраењето на изградбата ќе се продолжи и времетраењето на овој договор без зголемување на надоместот, односно без корекција на вкупната цена за стручно-техничкиот надзор наведен во член 3 од овој договор.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 8**

(1) Носителот на набавката се обврзува да започне со работа во рок од 5 дена од денот на добиениот налог од страна на Договорниот орган во кој ќе бидат дефинирани видот на услугата, локацијата и рокот за извршувањето на услугата.

(2) Доколку Носителот на набавката не започне со извршување на надзорот веднаш по воведувањето во работата, Договорниот орган ќе му остави дополнителен рок од 2 дена за започнување на надзорот.

(3) Доколку Носителот на набавката ниту во рок од став 2 на овој член не започне со вршењето на надзорот, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара од Носителот на набавката надомест на штета.

(4) Налогот може да биде даден во писмена форма, а во итни случаи може да биде пренесен и во форма на телефонски повик (за што дополнително во рок од 2 дена ќе биде доставен и писмен налог).

(5) Налогот даден во писмена форма се смета за уредно предаден кога истиот е доставен во писмена форма на начин определен во член 21 на овој договор. Налогот пренесен во

форма на телефонски повик се смета за уредно даден кога за упатувањето на истиот постои запис во телефонот на лицето овластено од страна на Договорниот орган за давање на ваков вид на налог.

(6) Носителот на набавката се обврзува веднаш по излегувањето на самото место да ја изврши услугата без одлагање, во целост и без прекин.

(7) Носителот на набавката е должен да го извести договорниот орган за работникот кој ќе биде определен како контакт лице како и за евентуална промена на телефонскиот број на работникот определен за контакт.

**Член 9**

Носителот на набавката се обврзува:

- Да приложи решение за назначување на главниот надзорен инженер на градба со право на потпишување на сите документи во негово име;
- Да бара од Изведувачот да ги исполни основните барања за градбата и другите услови согласно проектната документациа, Законот за градење и други закони и подзаконски норми,
- Да бара од Изведувачот задолжителна примена на македонските стандарди кои се во согласност со европските стандарди.
- Да утврди дали учесниците во изградба ги имаат соодветните лиценци и овластувања.
- Да бара од Изведувачот градежните производи кои ќе се користат, нивните технички својства и другите технички барања задолжително да се во согласност со барањата на Инвеститорот (Договорниот орган) прецизно опишани во предмерот.
- Да бара од Изведувачот да доставува атести за материјалите кои ќе се вградуваат, како и анализи од резултати за контрола на квалитот на градежните материјали
- Да бара од Изведувачот да се придржува на сите инструкции дадени од Надзорот, во врска со движењето на механизација, материјали и работна сила.
- Редовно да ги прегледува, контролира количините на извршените работи во времените месечни ситуации и завршната ситуација, врз основа на извршените снимања и/или мерења на количините и податоците од градежната книга и градежниот дневник,
- Редовно да ги контролира изведувањето на предметните работи во поглед на влаитетот и квантитетот, согласно проектната документација и динамичкиот план на работи.
- Редовно да го прегледува, контролира и заверува градежниот дневник кој го води изведувачот,
- До инвеститорот да доставува месечни извештаи за изведените работи опфатени со месечната времена ситуација, како и завршен надзорен извештај прилог на извештајот за технички прием
- Секојдневно да следи дали се применуваат мерките за безбедност и сигурност на луѓето, материјалите и околината.
- Да го информира инвеститорот за сите недостатоци и/или неправилности кои ќе ги воочи во текот на изградбата и истите да ги забележи во градежниот дневник,
- Да дава мислења кон предлози предложени од изведувачот, како и да предлага решение доколку има спорни или недефинирани позиции.

- Задолжително е редовно присуство на објект.

**Член 10**

(1) Носителот на набавката има право да бара продолжување на рокот за извршување на надзорот, во случај кога поради променети околности или неисполнување на обврските од Договорниот орган бил спречен да го извршува надзорот.

(2) Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот временски се продолжува онолку колку што е потребно за повторното започнување на вршењето на надзорот и за евентуалното поместување на работите во понеповолно годишно време.

(3) Како причини, поради кои, во смисла на став 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:

1) природни настани (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено за актуелното годишно време и за местото каде што се изведуваат работите и сл.);
2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;
3) услови за изведување на работите во земја или во вода, што не се предвидени со проектната документација;
4) задоцнување на воведувањето на Изведувачот во работата;
5) неисполнувањето или неуредното исполнување на обврските на Договорниот орган, како што се отстранувањето на недостатоци во проектната документација врз чија основа се изведуваат работите, исплатата на аванс и исплатата на привремена ситуација;
6) задоцнување во испораката на опремата, ако опремата ја набавува Договорниот орган или ја испорачува лице кое го определил Договорниот орган.

**Член 11**

Носителот на набавката е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Договорниот орган, штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

**Член 12**

По склучувањето на овој договор, носителот на набавката е должен да достави список за вкупниот стручен персонал и техничките органи коишто ќе ги ангажира за време на вршењето на надзорот.

**Член 13**

(1) Во случај изведувачот на работите да изврши ревизија на динамичниот план за изведување на работите, носителот на набавката е должен во рок од пет дена да го разгледа и да се произнесе за одобрување или неодобрување на ревидираниот динамичен план.

(2) Ревидираниот динамичен план го одобрува надзорниот орган.

(3) По одобрувањето на ревидираниот динамичен план, носителот на набавката истиот го доставува на прифаќање од страна на договорниот орган.

(4) Договорниот орган-инвеститор има право да го прифати или да не го прифати ревидираниот динамички план и за истото писмено го известува надзорниот орган.

(5) Во случај на неприфаќање, изведувачот е должен да изработи и достави ревидиран динамичен план согласно инструкциите, односно забелешките на договорниот орган преку надзорниот орган.

Член 15

(1) Носителот на набавката е должен да ги потврди и верифицира времените месечни ситуации и завршната конечна ситуација изготвени од страна на изведувачот на работите на објектот, во рок од седум дена сметано од денот на приемот на ситуацијата, а согласно договорот за изградба.

(2) Носителот на набавката е должен да го верифицира и градежниот дневник кој го води изведувачот на работите на објектот.

Член 16

Носителот на набавката е должен да присуствува при техничкиот прием на објектот, кој го врши Комисијата за технички прием формирана од надлежен орган.

Член 17

(1) Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги почитува следните правила:

- да ги смета за приоритетни барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на овој договор во секое време;
- да го извести договорниот орган за постоењето на каков било конфликт на интереси кој би можел да влијае на перманентното извршување на услугите - предмет на овој договор;
- своите совети и препораки да ги базира на темелно и непристрасно разгледување на фактичката состојба и сите релевантни факти.

(2) Носителот на набавката се обврзува да го информира договорниот орган веднаш доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на задачите кои се предмет на овој договор.

Член 18

Носителот на набавката, за извршување на услугата од овој договор е особено должен:

- да го почитува дефинираниот динамичен план со кој ќе се предвиди траењето и крајниот рок на извршувањето на конкретната работа;
- да обезбеди ефикасно и навремено извршување на секоја конкретна работа одделно, во согласност со динамичниот план и да ги применува соодветните регулативи (закони и стандарди) за конкретен вид на работа, придржувајќи се кон барањата нагласени од договорниот орган;

- да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализацијата на услугата на објектот од член 1 на овој договор;
- во рамките на извршувањето на своите услуги да соработува со вработените на договорниот орган, како и со сите членови на тимот кои се директно вклучени во реализацијата на проектот;
- да надгледува и да одговара за почитувањето на планот и квалитетот на работењето од страна на кој било одобрен квалификуван специјалист, експерт или фирма.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 19

(1) Договорниот орган се обврзува по склучувањето на овој договор, на носителот на набавката да му ја достави проектната програма и договорот за изградба.

(2) Договорниот орган ќе му ја достави на носителот на набавката ревидираната проектна документација и другата потребна градежно-техничка документација, согласно регулативата која го уредува градењето.

### Член 20

(1) Договорниот орган се обврзува да ја исплати вредноста на договорот на начин утврден во овој договор.

(2) Договорниот орган се обврзува да му овозможи на Носителот на набавката можности за непречено извршување на услугите за надзор.

## VIII. КОМУНИКАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОГОВОРОТ

### Член 21

(1) Комуникацијата меѓу носителот на набавката и договорниот орган ќе се врши по писмен пат преку овластено лице од страна на договорниот орган и носителот на набавката.

(2) По склучувањето на овој договор, договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката за лицата кои се овластени во името на договорниот орган да настапуваат пред изведувачот на работите и пред надзорниот орган.
(3) Лицата кои се овластени во името на договорниот орган да настапуваат пред изведувачот на работите и пред надзорниот орган, покрај другото, ќе ја следат реализацијата на овој договор и на договорот за изградба.

(4) Лицата од став 3 на овој член ќе следат дали договорот се реализира според барањата во тендерската документација, според понудата со која носителот на набавката учествувал на огласот и која е прифатена од страна на договорниот орган и според одредбите на овој договор и Законт за градење.

## IX. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 22**

(1) Услов за потпишување договор со најповолниот економски оператор е обезбедување банкарска гаранција од странана носителот на набавката во износ од **10%** од вредноста на склучениот договор (со вклучен ДДВ).
(2) Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува по добиеното известување за извршениот избор, а пред склучување на договорот **во рок од 5 (пет) работни дена од добиеното известување.**

**Член 23**

(1) Во исклучителни случаи, доколку банката не издава гаранција за квалитетно извршување на договорот без потпишување на договор, договорот ќе се смета за склучен и ќе влезе во сила по доставување на банкараската гаранција за квалитетно извршување на договорот кое носителот на набавката се обврзува ја достави во рок од **5 (пет) работни дена** од денот на потпишување на договорот.

(2) Во случај да не се достави гаранцијата иако договорот е потпишан, ќе се смета дека истиот не е склучен и може да се издаде негативна референца.

**Член 24**

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

**Член 25**

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

**Член 26**

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката лично во седиштето на договорниот орган во рок од 14 (четиринаесет) дена од целосното реализирање на договорот. Договорниот орган може да побара продолжување на важноста на банкарската гаранција доколку тоа го процени за потребно, особено доколку се продолжи времетраењето на договорот, а носителот на набавката е должен тоа да го даде.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 27**

Овој договор може да биде раскинат доколку Договорниот орган и Носителот на набавката не се придржуваат кон одредбите на договорот.

**Член 28**

Договорниот орган може еднострано да го раскине овој договор, доколку Носителот на набавката прекрши некоја одредба од овој договор, а прекршувањето не го исправи во рок од 5 (пет) работни дена од денот на добивањето на писмено предупредување од страна на Договорниот орган, како и во случај кога Носителот на набавката по своја вина ќе престане да го извршува стручно-технички надзор на градбата во период подолг од 3 (три) дена.

**Член 29**

(1) Овој договор се смета за раскинат и не предизвикува правни дејствија ако:

- носителот на набавката стане инсолвентен во континуиран период подолг од 15 дена;
- доколку против Носителот на набавката биде поднесен предлог за отворање на стечајна постапка или ликвидациска постапка;
- Во случај на раскинување на овој договор по вина на Носителот на набавката.

(2) Носителот на набавката е должен на Договорниот орган веднаш и без одлагање да му ги подмири обврските, како и штетите (материјални и нематеријални) кои ќе му бидат предизвикани на Договорниот орган со таквите состојби.

## XI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

(1) Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

(2) Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма. Договорната страна која е согласна на измена и/или дополнување е должна својата согласност да ја достави до другата страна во писмена форма.

(3) Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат и со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор во писмена форма.

**Член 31**

За сè што не е предвидено со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки, Закон за градење и позитивните прописи во Република Македонија.

**Член 32**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без заемна писмена согласност.

Член 33

Овој договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои 4 (четири) се за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

**Договорен орган**
Министерството за животна средина и просторно планирање

**Министер**
Sadulla Duraki

**Носител на набавката**
ДПУ Хидро Енерго Инженеринг ДОО - Скопје

**Директор**
Иванчо Ќаевски

ХИДРО-ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО СКОПЈЕ

**Изготвил:** Снежана Колевска
**Контролирал:** Билјана Тешева Ѓоргиевска
Марјан Крстевски
**Одобрил:** Тодор Ѓорговски
Весна Петерушевска
**Согласен:** Ана Петровска
Државен секретар

**Составен дел на овој Договор е:**

а) Конечна понуда од ДПУ Хидро Енерго Инженеринг ДОО - Скопје

ХИДРО-ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје
ИНЖЕНЕРИНГ, НАДЗОР И ПРОЕКТИРАЊЕ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОТЕХНИКА, ХИДРОЕНЕРГЕТИКА И ХИДРОИНФОРМАТИКА

Скопје, Бул. Јане Сандански, бр.76, Аеродром Тел/Факс. 2454-333, е-маил: hei9@hei.com.mk
Жиро с-ка 300-0000026905-25, ЕДБ МК 4030008023876 ,Депонент: Комерцијална Банка АД - Скопје

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број 16/2019 објавен од страна на **Министерство за животна средина и просторно планирање**, за доделување на договор за јавна набавка на **Вршење на стручен технички надзор при изградба на таложник во пречистителна станица на вода за пиење во општина Липково**, со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**ПОНУДА**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ДПУ Хидро Енерго Инженеринг ДОО - Скопје
I.2. Контакт информации
- Адреса: бул. Јане Сандански 76
- Телефон: 02 2454 333
- Факс: 02 2454 333
- Е-пошта: hei9@hei.com.mk
- Лице за контакт: Зоран Допчев

I.3. Одговорно лице: Иванчо Ќаевски
I.4. Даночен број: 4030008023876

**Дел II – Техничка понуда (задолжително пополнување)**
II.1. Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:
**Вршење на стручен технички надзор при изградба на таложник во пречистителна станица на вода за пиење во општина Липково** *[Со пополнување на оваа точка понудувачот потврдува дека услугите кои ги нуди се во согласност со техничките барања и услови предвидени во техничките спецификации и тендерската документација].*

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугите утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда (задолжително пополнување)**
III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **760.000,00 (Седумстотини шеесет илјади) денари**. Вкупниот износ на ДДВ изнесува **136.800,00**.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје, 08.05.2019 година

Одговорно лице

______________________
(потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

ivancho

Digitally signed by ivancho kjaevski
DN: o=dpu hidro energo inzenering doo